# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ПОВРЗАНО СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ КОГА ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК СО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СЛУЧАЈ НА СМРТ
# (ПРВА МК 21_УЛ24-02)

Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје

Ноември, 2024

Врз основа на член 43 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје (во натамошниот текст друштвото), одборот на директори на друштвото, на седницата одржана на ден 26.11.2024 година, по предлог на Извршниот член на одборот на директори, ги усвои следните:

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ПОВРЗАНО СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ КОГА ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК СО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СЛУЧАЈ НА СМРТ (ПРВА МК 21_УЛ24-01)

### Член 1

(1) Овие општи услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт се составен дел на договорот за осигурување на живот што го склучил договорувачот со Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје.

(2) Условите во овие услови значат:

- **понуда** е предлог за склучување на договор за осигурување на живот и се поднесува во писмена или електронска форма на образец на осигурувачот;
- **понудувач** е лице кое има намера да склучи договор за осигурување на живот и за таа цел поднесува писмена понуда до осигурувачот;
- **осигурувач** е Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје;
- **договорувач** е лице кое склучува договор за осигурување со осигурувачот и презема обврска за плаќање на премии и други обврски што врз основа на договорот настануваат за страната која се појавува наспроти осигурувачот
- **осигуреник** е лицето на кое се однесува осигурувањето и од чие доживување или смрт зависи исплатата на договорената осигурена сума;
- **корисник** на осигурувањето е лицето во чија корист се договара осигурувањето и на кое му се исплатува договорената осигурена сума;
- **договорена осигурена сума** (во понатамошниот текст: осигурена сума) е сумата определена со договорот која осигурувачот е должен да ја исплати кога ќе настане осигуран случај;
- **полиса** е исправа за склучениот договор за осигурување на живот;
- **премија на осигурувањето** е износ што договорувачот е должен да му го плати на осигурувачот врз основа на договорот за осигурување
- **осигурен случај** е иден, неизвесен настан независен од исклучивата волја на договорувачот или осигуреникот, кој може да предизвика штета и кој припаѓа во ризиците што осигурувачот ги покрива со својата дејност;
- **проспект** на фондот е документ во кој се содржани сите информации битни за носење на информирана одлука за вложување во фонд, а посебно детални информации за стратегијата на вложување на имотот, целите и инвестиционата политика на фондот, како и профилот на вложувањата за кои е наменет фондот и ризиците поврзани за вложувањата. Ажурирана верзија на проеспектот се наоѓа на интернет страницата на друштвото за управување со инвестициски фондови заедно со останатите документи на инвестицискиот фонд;
- **документ со клучни информации -** документ кој содржи клучни информации за осигурувањето на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик. Информациите се пропишани со Правилнкот за осигурување на живот во врска о удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик.
- **инвестициска сметка** е лична сметка која е отворена кај осигурителот и на која се евидентира вкупниот број на удели на инвестицискиот фонд за еден договор за осигурување;
- **друштво за управување со инвестициски фондови** е акционерско друштво со седиште во Република Северна Македонија кое добило дозвола од Комисијата за хартии од вредност за вршење на работи за основање и управување со инвестициски фондови;
- **Инвестициско портфолио** – е вкупниот број на удели во инвестициски фондови за еден договор за осигурување
- **вредност на инвестициско портфолио** е производот од бројот на купените удели и цената на уделот на денот на пресметката;
- **инвестициски фонд** се здружени парични средства наменети за инвестирање, прибрани од инвеститори преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со фондови;
- **Отворен инвестициски фонд** - претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделот, со што ќе истапат од фондот. Кога се користи зборот „фонд“ во овие услови тоа може да биде и множина од повеќе фондови, во кои се распределува премијата наменета за вложување (инвестирање) согласно податоците наведени во понудата и/или полисата;
- **Нето вредноста по удел** е нето вредност на имотот на фондот поделена со бројот на уделите на фондот во моментот на пресметување на нето вредноста на имотот на фондот;
- **Удели во инвестициски фонд -** е сразмерен пресметковен дел од вкупната вредност од инвестицискиот фонд;
- **Цена на уделите во отворениот фонд** е единствена цена еднаква на нето вредноста на имотот на фондот по удел, која се пресметува врз основа на пазарната цена на сите хартии од вредност од портфолиото на фондот; и
- **Нето вредност на имотот на инвестициски фонд** – е вредноста на имотот намалена за износот на обврските на фондот.

- **Каренца** – е периодот по склучување на осигурувањето, во кој обврската на осигурувачот за покритието договорено со полисата сеуште не е започната.

**Член 2**

(1) Осигурувањето на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик (во натамошниот текст: животно осигурување) е животно осигурување во кое осигуреникот го презема инвестицискиот ризик, со кое правата што му припаѓаат на договорувачот, осигуреникот или друг корисник врз основа на договорот за осигурување се директно поврзани со вредноста на единицата на инвестицискиот фонд.

(2) Полисата за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик под овие услови се состои од договор за осигурување, при што правата што му припаѓаат на договорувачот на полисата, осигуреникот или друг корисник се засноваат на договорот за осигурување, директно поврзана со вредноста на единицата на инвесицискиот фонд.

(3) Составен дел на договорот за осигурување е и документ со клучни информации во однос осигурителниот производ во рамки на осигурувањето на живот во врска со удели во инвестициски фондови, при што осигурувачот е должен да обезбеди потврда за прием од страна на договорувачот на осигурувањето кое осигуреникот го добива и се запознава пред да го склучи осигурувањето, а истите редовно се ажурираат и се јавно достапни на веб-страницата на осигурувачот www.prvazivot.mk и во седиштето на осигурувачот.

**Член 3**

(1) Сите барања и изјави што ги поднесуваат договорувачот или осигурувачот меѓусебно мора да бидат во писмена форма. Барањата се смета дека се доставени на денот кога примачот ќе ги прими. Доколку се испратени по пошта, за ден на прием се смета денот кога е доставено препорачаното писмо.

(2) Составен дел на договорот за осигурување на живот се: понуда, полиса, документ со клучни информации, општи услови, проспекти на отворени инвестициски фондови, какви било посебни писмени изјави на договорните страни, клаузули и други прилози и дополнувања на полисата.

**Склучување на договорот за осигурување**

**Член 4**

(1) Договорот за осигурување може да се склучи врз основа на понуда во писмена или електронска форма на образец на осигурувачот.

(2) Осигурувањето се смета за склучено кога осигурувачот издава полиса за осигурување.

**Лица кои може да се осигуруваат под овие услови**

**Член 5**

(1) Под овие услови можат да се осигуруваат здрави лица кои на денот на прием во осигурување имаат од 14 години до 70 години.

(2) Лицата кои не се целосно здрави можат да се осигуруваат само под посебни услови.

(3) Ништовно е осигурувањето за смрт на лице кое не наполнило 14 години и лице на кое целосно му е одземена деловната способност.

(5) Доколку осигуреникот е помлад од 18 години потребна е согласност од законскиот застапник и од осигуреникот.

**Понуда**

**Член 6**

(1) Понудата за осигурување на живот ја поднесува понудувачот во писмена или електронска форма на образецот на осигурувачот и претставува предлог за склучување на осигурување. Понудата ги содржи сите елементи на договорот. Потписите на понудата ги заменуваат потписите на полисата.

(2) Понудата доставена до осигурувачот го обврзува понудувачот 8 дена од денот на приемот на осигурувачот, доколку понудувачот не определил пократок рок. Доколку е потребен лекарски преглед, овој период е 30 дена по приемот на целосната документација.

(3) Доколку осигурувачот не ја одбие понудата, која е во согласност со условите под кои е склучено осигурувањето во рокот наведен во претходниот став, се смета дека компанијата ја прифатила понудата, а договорот се смета дека е склучен на денот кога понудата пристигнала до осигурувачот и е уплатена првата рата.

(4) Доколку осигурувачот како одговор на понудата констатира дека е потребно понудата да се дополни, се смета дека осигурувачот ја одбил понудата и му доставил нова понуда на договорувачот на полисата. Новата понуда се прифаќа кога осигурувачот ќе добие изјава од договорувачот дека ја прифаќа новата понуда или кога ќе биде уплатена премијата за осигурување под новите услови.

(5) Доколку осигурувачот не добие изјава за прифаќање на новата понуда или не е извршена уплата на премијата за осигурување според новите услови во рок од 15 дена по издавањето на новата понуда, се смета дека договорот за осигурување не е склучен. Во овој случај, осигурувачот е должен да му ја врати на договорувачот уплатената премија за осигурување. Притоа, осигурувачот ќе ги наплати сите трошоци кои се настанати за спроведување на лекарски преглед на осигуреникот.

(6) Осигурувачот може да ја одбие понудата без да ги наведе причините за одбивањето.

(7) Понудата мора да биде потпишана од двете договорни страни. Доколку договорувачот не е исто лице како и осигуреникот понудата ја потпишува и осигуреникот.

(8) Потписите на договорувачот и осигуреникот на понудата за осигурување на живот се сметаат за потпис на полисата.

**Полиса**

**Член 7**

(1) Осигурувачот издава полиса за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт во еден примерок.

(2) Осигурувачот ја издава полисата за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт врз основа на информациите во понудата.

(3) Полисата содржи информации за осигурувачот, договорувачот и осигуреникот, осигурени ризици, почеток и времетраење на осигурувањето, осигурена сума во случај на смрт, бруто премија, називот на друштвото за управување со инвестициски фондови, фондот кој се избира за инвестирање, корисник на осигурувањето во случај на смрт односно доживување, датум на изработка на полисата и потпис на овластено лице од осигурувачот.

(4) Составен дел на полисата покрај овие Општи услови се и:

- понудата
- документ со клучни информации во однос осигурителниот производ во рамки на осигурувањето на живот во врска со удели во инвестициски фондови
- други документи и известувања дадени на договорувачот наведени во полисата;

(5) Доколку некоја од одредбите во полисата се разликува од понудата и другите писмени изјави на договорувачот на осигурувањето, тој има право на писмен приговор во рок од еден месец од приемот на полисата. Доколку не го стори тоа, се применува содржината на полисата.

**Почеток, времетраење и осигурително покритие**
**Член 8**

(1) Осигурувањето може да се склучи само со почеток од првиот ден од месецот. Осигурувањето започнува во 00:00 часот на денот наведен во полисата како почеток на осигурувањето. Во исто време со започнувањето на осигурувањето започнува и гаранцијата на осигурувачот за покритие кое не е во каренца, доколку се исполнети следните услови:

1. дотогаш договорувачот да го платил износот на целата прва рата на премија во случај да избере да ја плати премијата на рати или еднократната премија во случај да избере да ја плати премијата еднократно;
2. осигурувачот да го завршил процесот на проценка на ризикот и изјавил дека го прифаќа осигурителното покритие или осигуреникот се согласил на какви било дополнителни услови поставени од осигурувачот за прифаќање на осигуреителното покритие.

(2) Доколку првата премија во случај на плаќање на премијата на рати, или еднократната премија во случај на избор премијата да се плати еднократно, не се плати во целост до почетокот на осигурувањето, осигурителното покритие на осигурувачот започнува во 24:00 часот на денот кога осигурителот го добил приливот за уплатена премија за осигурување, доколку се исполнети сите следни услови:

1. здравјето на осигуреникот не се влоши во меѓувреме;
2. премијата за осигурување е платена најдоцна во рок од 30 дена од датумот на отпочнување на осигурувањето на полисата;
3. осигурувачот го завршил процесот на проценка на ризикот и изјавил дека го прифаќа осигуреникот во осигурително покритие или осигуреникот се согласил на какви било дополнителни услови поставени од осигурителната компанија за прифаќање на осигурителното покритие.

(3) Осигурителното покритие на осигурувачот во случај на смрт поради болест стапува во сила четири месеци по започнувањето на покритието од првиот и вториот став на овој член (каренца во случај на смрт), доколку осигурената сума за случај на смрт е поголема од 5.000 евра. Доколку осигурената сума во случај на смрт е помала од 5.000 евра, покритието на осигурувачот започнува на датумот наведен во полисата како почеток на осигурувањето, доколку до тој датум е платена и првата премија.

(4) Без оглед на претходниот став, осигурителот ја исплаќа осигурената сума во случај на смрт и во каренца ако осигуреникот починал како последица на несреќен случај.

(5) Осигурувањето нема однапред определено времетраење и истото престанува:

1. со смрт на осигуреникот;
2. во случај на раскинување на договорот за осигурување со исплата на вредноста на инвестициското портфолио и во случај на откуп;
3. во случај на прикривање на околност што би го спречила осигурувачот да го склучи договорот за осигурување доколку знаел за тоа во моментот на потпишувањето на договорот;
4. во други случаи утврдени со овие услови или со закон.

**Обврски на друштвото за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт**
**Член 9**

(1) Договорувачот на полиса може да побара раскинување на осигурувањето или откуп на полисата со исплата на вредноста на средствата на инвестициското портфолио по поминати 3 (три) години од почетокот на осигурувањето за случај на повеќекратна уплата на премија и уплатени премии за 3 (три) години и 1 (една) година од почетокот на осигурувањето за случај на еднократна уплата на премија. Во овој случај, осигурувачот е должен да му ја исплати на корисникот на осигурувањето (во случај на раскинување) односно на договорувачот (во случај на откуп) вредноста на средствата на инвестициското портфолио на денот на прекинот.

(2) Во случај на смрт на договорувачот на полисата (кој во исто време не е и осигуреник), правата на договорувачот се пренесуваат на лицето кое е негов наследник и во чиј наследнички дел припаднала полисата. Наследникот се упишува како нов договарач на полисата пред да се извршат правата од полисата.

(3) Во случај на смрт на осигуреникот, осигурувачот се обврзува да ја исплати вредноста на инвестициското портфолио на петтиот работен ден од денот кога е поднесено барањето доколку осигуреникот умре за време на траењето на осигурувањето без оглед на причината за смртта или осигурената сума за случај на смрт доколку таа е поголема од вредноста на инвестициското портфолио и осигурувањето повеќе не е во периодот на каренца.

(4) Без разлика на претходно наведеното, осигурувачот ја исплаќа целата осигурена сума за смрт дури и во периодот на каренца доколку осигуреникот починал како последица на несреќен случај.

(5) По исклучок на претходниот став, осигурителното покритие за исплата на осигурената сума престанува кога осигуреникот ќе

наполни 80 години. Во овој случај по смртта на осигуреникот осигурувачот ја исплаќа вредноста на инвестициското портфолио.
(6) Вредноста на инвестициското портфолио за секоја полиса е производ од бројот на удели и цената на уделот на денот на пресметка.

**Ограничувања и исключувања на обврските на осигурувачот и други обврски**
**Член 10**
(1) Доколку осигуреникот извршил самоубиство или умрел како резултат на обидот за самоубиство во првите три години од почетокот на осигурувањето, осигурувачот нема обврска по осигурената сума на корисникот во случај на смрт и ја исплаќа само вредноста на инвестициското портфолио. По истекот на овој рок, осигурувачот ја исплаќа целата осигурена сума.
(2) Ако корисникот намерно ја предизвикал смртта на осигуреникот, осигурувачот не му ја плаќа осигурената сума во случај на смрт. Во овој случај, осигурувачот му ја плаќа на договорувачот на полисата вредноста на инвестициското портфолио. Кога договорувачот е и осигуреник, на неговите наследници им се исплаќа вредноста на инвестициското портфолио.
(3) Ако смртта на осигуреникот настапила како последица на војна, воени операции или активно учество во тероризам, осигурувачот не ја исплаќа осигурената сума во случај на смрт, туку откупната вредност на осигурувањето.
(4) При склучување на договор за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт, договорувачот и осигуреникот се должни да ги пријават на осигурувачот сите околности што се важни за проценка на ризикот и кои им се познати или не можеле да бидат познати.
(5) Ако договорувачот на полисата или осигуреникот намерно лажно пријавил или премолчил за некоја од околностите од таква природа што осигурувачот не би го склучил договорот доколку ја знаел вистинската состојба, осигурувачот може да побара поништување на договорот или да одбие исплата на сумата за осигурување доколку осигуреникот умре или се разболи, пред да дознае за таквата околност. Доколку договорот е поништен, осигурувачот ги задржува дотогаш уплатените премии и има право да бара уплата на премијата за периодот на осигурување до кој побарала поништување на договорот.

**Обврски на осигурувачот**
**Член 11**
(1)Осигурувачот има обврска на корисникот на осигурувањето да му исплати:
1. за случај на смрт на осигуреникот:
1.1. Доколку осигурениот случај за смрт од болест настапил во периодот на каренца, односно доколку смртта од болест на осигуреникот настапила во првите 4 (четири) месеци од почетокот на осигурувањето и осигурената сума е поголема од 5.000ЕУР, осигурувачот има обврска на корисникот на осигурувањето да му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио.
1.2. Доколку осигурениот случај за смрт од болест настапил во периодот на каренца, односно доколку смртта од болест на осигуреникот настапила во првите 4(четири) месеци од почетокот на осигурувањето и осигурената сума е помала од 5.000ЕУР, осигурувачот има обврска за повисокиот износ од осигурената сума за случај на смрт или вредноста на инвестициското портфолио.
1.3. доколку смртта настапила по периодот на каренца, односно доколку се поминати 4 (четири) месеци од почетокот на осигурувањето осигурувачот има обврска да ја исплати вредноста на инвестициското портфолио на денот на кој настапила смртта доколку осигуреникот умре за време на траењето на осигурувањето без оглед на причината за смртта или осигурената сума за смрт доколку е поголема од вредноста на инвестициското портфолио
1.4. Без оглед на претходните точки од овој член осигурувачот има обврска да ја исплати целата осигурена сума за смрт дури и во периодот на каренца, ако осигуреникот починал како последица на несреќен случај.
1.5. Доколку осигурениот случај смрт на осигуреникот настапи по наполнети 80 години, се исплаќа вредноста на инвестициското портфолио на петтиот работен ден од денот кога е поднесено барањето.
(2) Договорувачот на полиса може да побара раскинување на осигурувањето со исплата на вредноста на инвестициското портфолио откако ќе помине:
- 1 (една) година од почетокот на осигурувањето за случај на еднократна уплата на премија
- 3 (три) години од почетокот на осигурувањето за случај на повеќекратна уплата на премија и уплатени премии за 3 (три) години

Во овој случај, осигурувачот има обврска да му ја исплати на корисникот на осигурувањето вредноста на инвестициското портфолио на корисникот на осигурувањето на петтиот работен ден од денот кога е поднесено барањето.

**Определување премија и осигурена сума**
**Член 12**
(1) Осигурената сума и премијата се утврдуваат со договор меѓу осигурувачот и договорувачот на полисата, поточно врз основа на податоците од понудата.

**Плаќање на премија за осигурување**
**Член 13**
(1) Договорувачот е должен да ја плати премијата за осигурување на осигурувачот, а осигурувачот е должен да ја прифати премијата од секое лице кое има правен интерес за нејзината уплата. Договорената премија се плаќа однапред, имено до првиот ден од секој месец за договорениот период, во која доспева ратата. Во понудата договорувачот избира дали премијата ќе ја плати на рати или еднократно. Во случај на избор на плаќање на рати, премијата се плаќа месечно, а договорувачот и осигурувачот можат да договорат и различна динамика на плаќање на премијата.
(2) Покрај договорената премија, договорувачот на полиса има можност да плати дополнителна премија за инвестициско

осигурување живот во секое време до крајот на осигурувањето.Притоа:

– Доколку не се назначи дека е дополнителна премија (пред или истовремено со плаќањето, во налогот или на друг начин договорен помеѓу осигурувачот и договорувачот) платената премија ќе се смета да договорена премија по договорот за осигурување на живот;
– Доколку се должи договорената премија по договорот за осигурување на живот, од дополнителна премија најпрво ќе се наплатат доспеаните а неплатени рати по договорната премија, па остатокот (ако го има) ќе се реализира како дополнителна премија;
– Доколку се уплати дополнителна премија за полиса која е капитализирана повеќе од 12 месеци, износот ќе се врати на сметката од каде што е дојден приливот, а доколку не поминале повеќе од 12 месеци, се контактира договорувачот во најкус можен рок (но не повеќе од 15 работни дена од денот на уплатата) да поднесе барање за реактивација, во спротивно износот ќе се врати на сметката од каде што е дојден приливот;

(3) Покрај договорената премија, договорувачот на полисата е должен да ги плати и сите придонеси и даноци согласно важечката регулатива за времетраењето на осигурувањето.
(4) Во случај на доцнење при плаќањето на премијата за осигурување, неуплатената премија се намирува со пренос на премијата.
(5) Премиите што договорувачот на полисата е должен да ги плати на осигурувачот според договорот за осигурување, а се плаќаат со посредство на банка, се сметаат дека се платени на денот кога Осигурувачот ги примил средствата.
(6) Делумно плаќање на премија и плаќање на дополнителна премија не се сметаат за плаќање на премија. Ова значи дека премијата не се конвертира додека премијата не се плати целосно.
(7) Ако настане осигурен случај, осигурувачот има право на премија до крајот на месецот во кој настанал осигурениот случај.

**Премија за инвестирање во инвестициски фонд**
**Член 14**
(1) Премијата за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт намалена за трошоците за стекнување и влезните трошоци, е нето премија за вложување во инвестициски фонд.
(2) Со нето премијата за вложување во инвестициски фонд, се купуваат удели во инвестицискиот фонд за договорот за осигурување најдоцна15 работни дена од денот на уплатата.
(3) Во случај на еднократна уплата на премија, со нето премијата за вложување во инвестициски фонд, која се плаќа пред почетокот на осигурувањето, се купуваат удели во инвестицискиот фонд според вредноста на уделот најдоцна 15 работни дена од денот на уплатата.
(4) Бројот на на удели во инвестицискиот фонд на договорот за осигурување се утврдува врз основа на делење на износот на уплатената нето премија за вложување во инвестициски фонд со вредноста на уделот на фондот која важи на денот на купување на уделите.

**Вредност на инвестициско портфолио на полисата**
**Член 15**
(1) Вредноста на инвестициско портфолио од договорот за осигурување на даден ден е еднаква на производот од бројот на удели во инвестицискиот фонд на договорот за осигурување на соодветниот ден и вредноста на уделот на фонд со важност на тој ден.

**Вложување во инвестициски фонд**
**Член 16**
(1) Договарачот на осигурувањето при склучување на договорот за осигурување избира од инвестициските фондови понудени од осигурителот и истите ќе бидат наведени во полисата за животно осигурување издадена при склучување на договорот за осигурување како и друштвото за управување на инвестициски фондови кое ќе управува со истите.
(2) Со премијата за вложување, Осигурувачот купува удели во инвестицискиот фонд управувано од Друштвото наведено во понудата и полисата која е издадена при склучување на Договорот за осигурување на живот.
(3) Договарачот на осигурувањето го презема инвестицискиот ризик.
(4)Со зголемување на цената на Уделите на инвестицискиот фонд, се зголемува и вредноста на инвестициското портфолио, со намалување на цената на Уделите на инвестицискиот фонд, се намалува и вредноста на инвестициското портфолио.
(5) Договорувачот нема гарантирана сума при истек на осигурувањето, исто така и нема гарантирана откупна вредност. Стекнатите удели се евидентираат во инвестициската сметка на договарачот на осигурувањето.

**Инвестициска сметка и управување со средства на полисата**
**Член 17**
(1) Осигурувачот води инвестициска сметка посебно за секој договор за осигурување. Инвестициското портфолио го содржи бројот на удели во инвестицискиот фонд според договорот за осигурување.
(2) Осигурувачот ги пресметува фиксните трошоци и административните трошоци на последниот работен ден во месецот. Премијата за осигурување за случај на смрт се пресметува на последниот работен ден во месецот. Фиксните трошоци, административните трошоци и премијата за осигурување за случај на смрт се наплаќаат со одземање на соодветниот број на удели во инвестицискиот фонд од инвестициското портфолио на полисата. Премијата за осигурување за случај на смрт се наплаќа се додека вредноста на инвестициското портфолио не ја надмине вредноста на осигурената сума за смрт.
(3) Во случај на припојување или ликвидација на отворениот инвестициски фонд каде се вложува премијата за вложување, осигурувачот има обврска да го извести договорувачот за настанатите промени на друштвото за управување со инвестициски фондови и без дополнителни трошоци да му понуди:

- да премине во друг фонд кај истото друштво за управување со инвестициски фондови или
- да премине во друг фонд кај друго друштво за управување со инвестициски фондови

(4) По основ на понудата од претходниот став договорувачот на осигурувањето треба да се произнесе во рок од 15 дена од денот на прием на известувањето. Сите трошоци поврзани со прифаќање на понудената алтернатива се на товар на осигурувачот.

(5) Доколку договорувачот на осигурувањето не ја прифати можноста за премин во друг фонд согласно став (3), осигурувачот ќе смета дека настанал случај на доживување и на договорувачот ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио утврдена на денот на истекот на рокот од став (4) без наплата на било какви излезни трошоци и ќе му го врати неискористениот дел од премијата за осигурување.

(6) Доколку договорувачот не осигурувањето не се произнесе по основ на понудата во предвидениот рок од став (4) осигурувачот ќе смета дека договорувачот на осигурувањето не ја прифатил понудата и постапката ќе је продолжи согласно став (5).

**Трошоци по договорите за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик**
**Член 18**

(1) Во согласност со овие услови и полисата за осигурување, осигурувачот има право да ги наплати трошоците за стекнување, влезните трошоци, фиксните трошоци, административните трошоци за управување со инвестициската сметка и премија за осигурување за случај на смрт.

(2) Трошоци за стекнување се наплаќаат од платената премија во случај на еднократно плаќање на премија, или во првите 4 години од почетокот на осигурувањето во случај на повеќекратно плаќање на премија, додека влезните трошоци се пресметуваат од секоја платена премија.

(3) Премијата за осигурување за случај на смрт зависи од возраста на осигуреникот во моментот на пресметка и од разликата помеѓу осигурената сума во случај на смрт и вредноста на средствата на инвестициското портфолио. Наплатата на премијата во случај на смрт доспева месечно, на последниот работен ден во месецот и се наплаќа од вредноста на средствата на инвестициското портфолио.

(4) Излезни трошоци не се наплаќаат.

(5) Трошоците за стекнување, влезните трошоци, фиксните трошоци, административните трошоци за управување со инвестициското портфолио, подетално се објаснети во документот со клучни информации.

(6) Осигурувачот го утврдува трошокот за други услуги во тарифникот.

**Известување на осигурениците**
**Член 19**

(1) Осигурувачот до осигуреникот доставува годишен извештај за склучениот договор за осигурување на живот во врска со удели со инвестициски фондови

(2) Годишниот извештај ги содржи најмалку следните податоци:

- сите уплати по основ на премија за осигурување и распределба на премијата на: премија за осигурување, премија за вложување, и трошоци за спроведување на осигурувањето
- износот на инвестициското портфолио на почетокот на деловната година (вклучително и бројот на удели и цената на уделот), односно од почетокот на договорот за осигурување доколку е склучен во текот на деловната година
- промените што се настанати во деловната година, одделно за секоја промена во инвестициското портфолио: број на удели, цена на уделот и датум на промена и опис на трансакцијата (пр. уплата, исплата поради покривање на трошоци, исплата поради плаќање на премија и сл.)
- износот на инвестициското портфолио на крајот на годината со податок за бројот на удели и цената на уделот
- износот на повлечените удели, (откупната) цена на уделот од отворениот инвестициски фонд и поврзаните трошоци со оваа трансакцијаа за секое повлекување од инвестициското портфолио заради наплата на премијата за осигурување од смрт;

(3) Годишниот извештај за претходната календарска година осигурувачот го испраќа најдоцна во рок од 30 дена од завршување на деловната година по е-маил или по пошта.

(4) Договорувачот, осигуреникот односно корисникот немаат право за учество во распределба на добивка на Осигурувачот.

(5) Не е дозволена исплата на аванси по основ на полиси склучени согласно овие услови.

**Измени на договорот за осигурување**
**Член 20**

(1) Во случај на избор да ја плати премијата на рати, договорувачот на полиса може да бара промена на висината на премијата за време на траењето на осигурувањето. Намалувањето и зголемувањето на премијата може да влијае на висината на наплатените трошоци. Договорувачот и осигурувачот може и однапред да договорат и постепено годишно зголемување на премијата, со тоа што осигурената сума за смрт не се менува при ваквото зголемување на премијата.

(2) Промена на инвестициски фонд за време траење на осигурувањето е возможна. Во случај на промена на инвестициски фонд, осигурителот наплаќа еднократен фиксен административен трошок.

**Последици од неплаќање на премијата**
**Член 21**

(1) Доколку договорувачот на осигурувањето не ја плати доспеаната премија во договорениот рок, осигурувачот со препорачано писмо ќе побара од договорувачот на полисата да ја плати доспеаната премија.

(2) Доколку договорувачот на полисата не ја плати премијата по барање на осигурителната компанија во рок од 30 дена од датумот на кој му е доставена опомената, а тоа не го стори ниту една друга заинтересирана страна, во првите три години од почетокот на

осигурувањето во случај премијата да ја нема платено најмалку 6 месеци, договорот ќе биде раскинат на барање на осигурувачот. Премијата уплатена пред раскинување на договорот не се враќа.
(3) Доколку премиите се платени најмалку 36 (триесет и шест) месеци осигурителната компанија ја намалува осигурената сума и го менува инвестициското осигурување во осигурување со намалена сума на осигурување без дополнително плаќање на премијата (во натамошниот текст: капитализација).
(4) Намалената сума на осигурување изнесува нула евра, и во случај на смрт осигурувачот ја плаќа вредноста на инвестициското портфолио на полисата.
(5) Осигурувањето се капитализира на полноќ на последниот ден од месецот до кој е платена премијата. Фиксните и административните трошоци се наплаќаат и за капитализирано осигурување.

**Обнова на договорот за осигурување**
**Член 22**
(1) Осигурување на живот кое се капитализира може да се обнови по писмено барање на осигуреникот, но најдоцна во рок од 12 месеци од крајот на месецот за кој е платена последната премија.
(2) Обврската на осигурувачот за обновување на осигурувањето започнува во 24 часот на денот кога осигурувачот го прифатил барањето за продолжување на осигурувањето, доколку согласно одговорот на здравствниот прашалник се утврди здравствена состојба на осигуреникот соодветна за прифаќање во осигурувањето. Осигурувачот мора да го прифати или одбие барањето за продолжување на осигурувањето во рок од осум дена од денот на приемот на барањето, доколку се исполнети сите услови за продолжување. Доколку осигурувачот не го одбие барањето во овој рок, се смета дека барањето за обновување е прифатено.
(3) Ако осигуреникот умре во првата година по обновувањето на осигурувањето, осигурувачот не ја исплаќа осигурената сума во случај на смрт, туку откупната вредност на полисата.
(4) Осигурување на живот кое што е откупено или прекинато не се капитализира и не може да се обнови.

**Откуп на договорот за осигурување**
**Член 23**
(1) Осигурувачот ја исплаќа вредноста на инвестициското портфолио во случај на барање за раскинување на договорот или откуп на договорот за осигурување на писмено барање на договорувачот на полисата за животно осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт во случај да се поминати и платени во целост најмалку 3 години од почетокот на осигурувањето во случај на повеќекратна уплата на премии и по најмалку 1 година од почетокот на осигурувањето во случај на еднократна уплата на премија.
(2) Датумот на пресметка на вредноста на откупот е пет работни дена од денот на прием на барањето.
(3) Откупната вредност е еднаква на вредноста на инвестициското портфолио на осигуреникот на датумот на пресметка на вредноста. Од откупната вредност може да се одбијат евентуалните даноци, ако се применливи.
(4) Обврската на осигурувачот при откуп на осигурувањето престанува на полноќ на денот на пресметување на откупната вредност
(5) Право на откуп немаат ниту доверителите на осигуреникот ниту корисниците на осигурувањето. Доверителот кај кој е заложена полисата и тоа е внесено во полисата може да бара откуп на осигурувањето, ако побарувањето обезбедено со залогот не се намири кога достасува.
(6) Откупната вредност се плаќа во рок од 14 дена од комплетирање на целокупната документација потребна за исплата на откуп.
(7) Со оглед на тоа што откупната вредност е променлива, полисата за осигурување не содржи табела на капитализирани или откупни вредности

**Оттуѓување на правата од осигурување**
**Член 24**
(1) Сите права кои произлегуваат од договорот за осигурување на живот до настанување на осигурениот случај му припаѓаат на договорувачот на договорот за осигурување.
(2) Сите изјави и одлуки на Договарачот во однос на користењето на правата се обврзувачки за осигурувачот само доколку се доставени до него пред настанувањето на осигурениот случај и со нив се согласи осигурувачот.
(3) Полиса за осигурување на живот може да се винкулира во корист на друго лице – доверител, односно договарачот може привремено да ги пренесе своите права по полисата тоа друго лице со изјава за винкулација која се доставува до Осигурувачот, се додека трае должничко-доверителскиот однос.

**Пријава на осигурен случај**
**Член 25**
(1)Лица кои бараат право на осигурениот износ се должни при настапување на осигурениот случај да поднесат писмено барање на образец од осигурителот.
(2) Кон барањето во смисла на претходниот став се поднесуваат и следниве документи:
- оригинал полиса за животно осигурување;
- копија од лична карта на осигуреникот;
- извод од матичната книга на умрени или некоја друга соодветна службена исправа која ја докажува смртта на осигуреникот, доколку настапила смрт на осигуреникот;
- доказ за причина за смртта (со целокупна медицинска документација);
- здравствен картон и здравствена книшка од осигуреникот;
- решение за наследување, ако како корисници со полисата се одредени законски наследници,
- доказ за сродството, ако корисникот не е одреден со именување.
- копија од лична карта на корисникот или извод од матична книга на родени (за малолетни корисници);
- копија од транскациска сметка на корисникот на осигурувањето

- изјава за носител на јавна функција од корисникот на осигурувањето
- друга документација доколку е потребно.

(3) Осигурителот има право да бара дополнителна медицинска документација во име на осигуреникот од здравствените установи и други докази кои се потребни за утврдување на правата на исплата.

(4) Осигурувачот има право да бара и други документи кои се неопходни за почитување на прописите за спречување перење пари и финансирање тероризам и за утврдување на правото на исплата за случај на настанат осигурен случај.

(5) Доколку Осигурувачот врз основа на пријавата на настанатиот осигурен случај и поднесените документи не може да утврди постоење или да ја утврди висината на својата обврска кон корисникот или ако се сомнева во веродостојноста на информациите во пријавата или кој било од приложените документи, има право да побара дополнителна документација и докази што му се потребни за таа цел заради дополнителна проверка на околностите на настанатиот осигурен случај, и бара од корисникот да му обезбеди можност за самостојна проверка на околностите на настанатиот осигурен случај на друг соодветен начин.

(6) Како ден кога Осигурувачот го добил целосното известување за настанатиот осигурен случај на осигурување се смета:

• ако Осигурувачот бара дополнителни документи, докази или дејствија на корисникот, денот кога се исполнети сите такви барања,

• денот, кога Осигурувачот ќе го прими барањето и сите документи кои мора да се приложат.

(7) Доколку приложената документација не е на македонски јазик, корисникот треба да обезбеди судски превод на истата. Подносителот на пријавата ги сноси трошоците кои настанале во врска со пријавувањето на осигурениот случај.

**Исплата на осигурен случај**
**Член 26**

(1) Осигурувачот е должен да ја плати сумата на осигурување во согласност со договорот за осигурување на живот во рок од 14 дена од денот на утврдувањето на одговорноста на Осигурувачот и неговата висина.

(2) Вредноста на инвестициското портфолио од полисата при раскинување на осигурувањето со исплата на вредноста на инвестициското портфолио, како и во случај на смрт се утврдува со состојба која важела на петиот работен ден од денот на кој е примено барањето за исплата.

(3) Осигурувачот има право да ги пребие од осигурената сума сите неплатени доспеани премии при исплаќање на настанатиот осигуран случај.

**Издавање на заменска полиса**
**Член 27**

(1) Договорувачот е должен да го пријави кај осигурувачот исчезнувањето на полисата веднаш откако дознал дека исчезнала и да го објави нејзиното исчезнување во Службен весник на Република Северна Македонија.

(2) Осигурувачот издава заменска полиса во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на исчезнатата полиса во Службен весник на Република Северна Македонија, а по доставено барање на Договорувачот.

(3) Договорувачот ги сноси сите трошоци во врска со издавањето на заменската полиса

**Валута на обврска**
**Член 28**

(1) Договорот за осигурување се договара во Евра. За пресметка на уплата на премија се употребува средниот курс на НБРСМ кој е важечки на денот кога паричните средства за уплата на премијата се пристигнати на сметка на Осигурувачот. За пресметка на исплатата за осигурена сума за случај на смрт (која не е вредност на инвестициско портфолио) се употребува средниот курс на НБРСМ кој е важечки на денот на исплата на штета. За пресметка на трошоците и премијата за осигурување на живот во случај на смрт се користи средниот курс на НБРСМ на денот на задолжувањето.

(2) Исплатите по основ на ова осигурување се во македонски денари по средниот курс на НБРСМ кој е важечки на денот на исплата.

**Жалби и вонсудско решавање на спорови**
**Член 29**

(1) Страните се согласни дека сите спорови што ќе произлезат од Договорот за осигурување, ќе се обидат да ги решаваат вонсудски на мирен начин.

(2) Договорувачот и осигуреникот, како и други лица на кои се однесува осигурувањето, се обврзуваат дека неодложно во писмена форма ќе го известат осигурувачот за сите спорни прашања, приговори и недоразбирања кои се однесуваат на Договорот за осигурување живот.

(3) Приговорите се доставуваат во писмена форма на адресата на седиштето на осигурувачот.

(4) По доставените приговори одлучува второстепена комисија на осигурувачот, која е составена од тројца членови од кој еден член е задолжително дипломиран правник, а која е должна во однос на приговорот да одлучи и писмено да се произнесе во рок од 30 (триесет) дена од приемот на приговорот.

(5) Во случај на спор надлежен е Основниот Граѓански Суд во Скопје.

(6) Во случаите кога договорувачот, осигуреникот и корисникот на осигурувањето сметаат дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од Договорот за осигурување, можат да поднесат претставка до органот надлежен за вршење на надзор на осигурувачот-Агенција за супервизија на осигурување.

**Заштита на личните податоци**
**Член 30**

(1) Осигурувачот врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување, увид, употреба итн.) на личните податоци на осигуреници, договарачи на осигурување, корисници на осигурување и др. во согласност со Законот за заштита на лични податоци и други релевантни прописи. При обработката на

личните податоци Осигурувачот применува соодветни технички и организациски мерки пропишани со регулативата.
(2) Личните податоци Осигурувачот ги обработува врз основа на договорот за осигурување, Законот за супервизија за осигурување, одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, Законот за облигациони односи и легитимните интереси. Осигурувачот ги обработува податоците главно заради склучување и спроведување договори за осигурување, остварување на своите деловни цели и исполнување на законските обврски.
(3) Осигурувачот ги чува личните податоци добиени врз основа на закон до истекот на законскиот рок на чување. Законот за супервизија на осигурување предвидува податоците да се чуваат за период од 10 години по истек на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета 10 години по затварање на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настанатата штета согласно Законот за супервизија на осигурување. По истек на роковите од овој став личните податоци ќе бидат избришани/уништени и истите нема да се обработуваат за други цели.
(4) Субјектите на лични податоци имаат одредени права кои произлегуваат од Законот за заштита на лични податоци и тоа: право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, преносливост, приговор. За остварување на овие права, како и во врска со други прашања за обработката на лични податоци субјектите може да се обратат до Осигурувачот.
(5) Доколку субјектот на лични податоци смета дека неговите лични податоци се обработуваат спротивно на Законот за заштитата на личните податоци, тој има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Откажување од договорот за осигурување**
**Член 31**
(1) Договарачот може да го откаже или раскине договорот за осигурување во секое време во текот на траењето на осигурувањето (во натамошниот текст: прекин). Изјавата за прекин мора да биде дадена во писмена форма .
(2) Доколку договорувачот на полиса побара прекин на договорот за осигурување, обврските на осигурувачот се следните:

1. доколку договорувачот на полисата побара да го откаже или раскине на договорот во првите 30 дена од денот на склучувањето на договорот, секоја страна на договорот мора да му врати на другиот сè добиено врз основа на овој договор. Договарачот е должен да ги надомести на осигурувачот сите направените трошоци, односно осигурувачот може да го задржи износот на направенте трошоци од износот што треба да му го врати на договорувачот.
2. доколку договорувачот на полисата го откаже или раскине договорот за осигурување , се применуваат членовите 11 и 19 од овие услови оние одредби од овие општи услови кои се однесуваат на раскинување на договорот или откуп на полисата. Во овој случај исплатата се врши на корисникот на полисата.

**Завршни одредби**
**Член 32**
(1) Договорувачот и осигуреникот на осигурувањето со потписот на понудата изречно потврдуваат дека при склучување на договорот за осигурување писмено или електронски се известени од страна на осигурувачот за сите потребни податоци согласно Законот за супервизија на осигурувањето (или друг пропис кој истиот ќе го замени) и дека пред склучување на договорот им е оставено разумно време за донесување конечна одлука за склучување на договорот за осигурување. Согласно ова, договорувачот и осигуреникот со потписот на понудата потврдуваат дека се известени за своите права согласно ЗСО, вклучително и за правото на поднесување на жалба.
(2) Односите меѓу осигурувачот, договорувачот, осигуреникот, корисникот и други лица кои не се регулирани со полисата, прилозите кон полисата вклучувајќи ги и овие услови, се уредуваат согласно Законот на облигациони односи, Законот за супервизија на осигурување и другите важечки законски и подзаконски прописи на РС Македонија.
(3) За супервизија на осигурувачот е надлежна Агенцијата за супервизија на осигурување.
(4) Овие услови стапуваат на сила со денот на нивното усвојување, а се применуваат на договорите за осигурување кои ќе почнат да важат после 31.12.2024 година. Со почетокот на примена на овие услови престануваат да се применуваат за новите договори за осигурување Општите услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестицискиот ризик со осигурување за случај на смрт (ПРВА МК 21_УЛ24-01).

ПРВА Живот АД Скопје